TRANSPARENCY INTERNATIONAL MACEDONIA

ДКСК
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

ПРОЕКТ:ПРОЦЕНКА НА РАНЛИВОСТ ОД КОРУПЦИЈА ВО ПОЛИТИКИТЕ И ПОСТАПКИТЕ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ, СО ПОСЕБЕН ФОКУС НА НЕПОТИЗАМ, КОРНИЗАМ И КЛИЕНТЕЛИЗАМ“

*ОВОЈ ПРОЕКТ Е ФИНАНСИСКИ ПОДДРЖАН СО ГРАНТ ОД АМБАСАДАТА НА КРАЛСТВОТО ХОЛАНДИЈА

Kingdom of the Netherlands

ЦЕЛ НА ПРОЕКТОТ

Предизвикот за истражување засован на работата на Државната комисија за спречување на корупцијата и постапките кои таа ги спроведува во сферата на непотизам, судир на интереси и други влијанија при вработувањата.

Притоа, зачестени се пријавите за недоследности во однос на почитувањето на принципот на деполитизација, професионалност, компетентност и фер постапка за вработувања.

Согледување на мерки и активности за Државната програма за спречување на корупцијата 2020-2024

Стратегија за реформа на јавната администрација и новите измени во законодавството во оваа сфера

ВРЕМЕНСКА РАМКА

- Јуни 2019: Вовед во проектот
- Јуни – септември 2019: Анализа на закони
- Октомври 2019: Извештај за ранливост на закони
- Септември- декември 2019: Подготовка и истражување
- Октомври 2019- јануари 2020: Спроведување на интервјуа
- Декември 2019- јануари 2020: Спроведување на фокус групи
- Јануари- март 2020: Анализа на податоци
- Март 2020: Извештај за ефикасност на конторлните механизми
- Јануари- април 2020: Подготовка на извештај и препораки
- Април 2020: Подготовка на Методологија за следење на имплементираноста на препораките
- Мај 2020: Финален извештај

ФАЗИ НА ПРОЕКТОТ

- Анализа на правни прописи
- Анализа на подзаконски акти
- Анализа на институционалната рамка
- Истражување на јавното мислење
- Компаративно право и меѓународна практика
- Препораки

АНАЛИЗА НА ДЕЛ ОД ПРАВНАТА РЕГУЛАТИВА КОЈА СЕ ОДНЕСУВА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР

ОПФАТ НА АНАЛИЗАТА

- Извршена анализа на вкупно 19 закони, два подзаконски акти и Годишниот извештај од Регистерот за вработените во јавниот сектор.
- Изборот на овие прописи е извршен на тој начин што е направен обид да бидат опфатени постапките за вработувања и во органите на државната и локалната власт, но и на давателите на услугите во областа на образованието, културата, социјалната и здравствената заштита.

АНАЛИЗА НА ЗАКОНИ

- Во секој од анализираните закони конкретно се обработени прашањата кои се однесуваат на постапките за вработување, односно вработување преку јавен оглас, преку унапредување (интерен оглас), вработување на определено работно време, стручното усовршување на вработените, мерење на ефектот на вработените
- Понатаму, акцент е ставен на анализа на постапката за селекција на кандидитати преку спроведување на јавен оглас, одделно по фази, и тоа, административна селекција, полагање на испит за административен службеники фазата на проверка на веродостојност на докази и интервју
- Кај анализата на законите со кои се основаат самостојните органи и регулаторни тела посебен осврт е даден на условите за избор и разрешување на претседателите и членовите (кај колегијалните органи, Пр. Комсија за домување) и директорите на овие тела (кај инокосните органи, Пр.Агенција за електронски комуникации).

АНАЛИЗА НА ПОДЗАКОНСКИ АКТИ

- Анализирани подзаконски акти:

- Уредба за спроведување на постапката за вработување на административни службеници
- Правилник за задолжителните елементи на јавниот оглас за пополнување на работно место во јавниот сектор преку вработување и на пријавата за вработување, како и формата, содржината и начинот на водење на регистарот на лица кои дале лажни податоци при вработување во јавен сектор
- Правилник за систематизација на работните места на Агенцијата за електронски комуникации
- Правилник за систематизација на работни места во Општина Крива Паланка

- Во двата подзаконски акти за систематизација на работните места ги анализиравме само видот на образованието кое кандидатот треба да го поседува за избор во соодветно работно место, компарирајќи го пред се видот на образованието со описот на работни задачи и обврски кои тоа лице треба да ги извршува.
  - Иако, ова прашање детално се уредува со Подзаконски акт тоа е всушност круциелниот акт, со чие доследно спроведување треба да се обезбеди работите во јавната администрација да се извршуваат од стручен и компетентен кадар.

- Тргнувајќи од фактот дека поедини прашања од законите се допрецезираат и доуредуваат со подзаконските акти, подетална анализа во нашето понатамошно истражување во рамките на овој проект ќе биде извршена и на подзаконските закти кои се донесени на основа на анализираните прописи, со посебен осврт на актите за внатрешна организација, актите за систематизација на работните места, правилниците за плати и колективните договори.

ОСНОВИ НА АНАЛИЗАТА

- Целта на оваа нализа е да се воочат и нотираат проблемите или точките на ранливост кои постојат во нормативната рамка со која се уредува оваа проблематика, а се однесуваат пред се во постапките за вработување на административните службеници (државни и јавни службеници), постапките за избор и именување на Директори, Претседатели и членови на комисии.
- Нотирајќи ги ранливите точки, на крајот од анализата даваме конкретни заклучоци и препораки како истите би можеле да се надминат и да се спречи непотизам, клиентелизам и кронизам при постапките за вработување или именување, избор или назначување на високи раководни функции.
- **Анализата утврди 46 точки на ранливост** за кои се дадении соодветни препораки за нивно можно надминување.
- Секако анализата ќе биде дополнета, точките на ранливост проверени во практиката, а препораките ќе бидат прецизирани и дополнети преку анализите на подзаконските акти и спроведеното истражување, кои се предвидени за втотата и третата фаза на проектот.

ЗАКОН ЗА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР

Точка на ранливост 1: Привремени вработувања

Препорака: Да се укине можноста лицата кои се привремено вработени да ја поминат во редовен работен однос без редовна постапка за вработување

Точка на ранливост 2: Неефикасност, нефективност и нетранспарентност на функционална анализа

Препорака: Да се воведе обврска за транспарентност на функционалните анализи

Точка на ранливост 3: Неусогласеност помеѓу ЗАС и ЗВЈС околку одлуката за отфрлање на пријавата на кандидатот како неуредна

Препорака: Усогласување на овие два прописи, а воедно и проверката на веродостојноста на доказите да се врши во првата, а не во третата фаза од вработувањето.

ЗАКОН ЗА АДМИНИСТРАТИВНИ СЛУЖБЕНИЦИ

Точка на ранливост 1: Недостаток на транспарентност и одговорност на Комисијата за ревизија на постапките за вработување

Препорака: Измена на ЗАС со внесување на одредби за транспарентност и отчетност на Комисијата

Точка на ранливост 2: Не утврдена постапка за одговорност на Секретарите од Категорија А

Препорака: Во Законот да се привиди и постапка за одговорност на секретарот

Точка на ранливост 3: Недоследност при утврдување на вредноста на бодот за пресметување на плати за државните службници.и можноста со посебен закон да се определува плата поинаку одошто е определено во ЗАС

Препорака: Да се презицираат факторите или компонентите на платата, условите за да таа може за службеници од исто ниво да се разликува и во кој процент може да отстапува.

ЗАКОН ЗА АДМИНИСТРАТИВНИ СЛУЖБЕНИЦИ

Точка на ранливост 4: Недоволно прецизна постапката за оцена на ефектот на вработените

Препорака: Да се прецизира постапката за оценување

Точка на ранливост 5: Невоедначеност и несоодветна проценка на претходно работно искуство

Препорака: Да се воедначи проценката на соодветно работно искуство

Точка на ранливост 6: Нетранспарентност во исполнување на обврската за постоење и спроведување на обуки на вработените, односно неизготвување на годишни прогрми за спроведување на обуки што претставува законска обврска и немање достапни податоци за извештаи од реализирани обуки, конкретно немање транспаренти податоци за работењето на Академијата за стручно усовршување на административните службеници.

Препорака: Потребно е во понатамошните фази од истражувањето на проектот да се остварат средби со МИОА, Академија за стручно усовршување и јавните органи со цел да се воочи дали и како се спроведуваат одредбите од ЗАС за спроведување на обуки

АНАЛИЗА НА ПОДЗКОНСКИ АКТИ

- **Правилник за задолжителните елементи на јавниот оглас** за пополнување на работно место во јавниот сектор преку вработување и на пријавата за вработување, како и формата, содржината и начинот на водење на регистарот на лица кои дале лажни податоци при вработување во јавен сектор

Точка на ранливост 1: Разлика во формалните елементити кои треба да бидат содржани во јавните и интерните огласи за вработување

Препорака: Да се прецизираат формалните елементи кои треба да бидат содржани во јавните и интерните огласи за вработување

Точка на ранливост 2: Интервјуто како субјективен елемент е клучна фаза при вработувањето

Препорака: Да се објективизира постапката за интервју при вработување

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ОД РЕГИСТЕРОТ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР ЗА 2018 ГОДИНА

Точка на ранливост 1: Несоодветност или неусогласеност на бројот на вработените, особено на локално ниво.

Препорака: Да се усогласи и стандардизира бројот на вработени и задачите кои тие треба да ги извршуваат

- Закон за општата управна постапка

Точка на ранливост 1: Недоследна примена на начелото на делегирана надлежност предвидено во ЗОУП

Препорака: По завршување на анализата

ЗАКОН ЗА РАБОТНИ ОДНОСИ (ЗРО)

Точка на ранливост 1: Можност за трансформирање на работен однос од определено на неопределено време остава можност да се заобиколи постапката за вработување предвидена во ЗАС

Препорака: Да се преиспита и промени практиката така што ќе се укине можноста лицата кои се привремено вработени да поминат во редовен работен однос без редовна постапка за вработување

Точка на ранливост 2: Невоедначена висина на парчична казна за вработените во случај на дисциплинска одговорност

Препорака: Да се усогласат Законот за работни односи и Закон за административни службеници

ЗАКОН ЗА ДОМУВАЊЕ

Точка на ранливост 1: Нетранспарентна постапка за избор на Претседател и членови на Регулаторна комисија за домување

Препорака: Да се воспостави транспарентна постапка за избор на членови на регулаторната комисија во Собранието на Република Северна Македонија по примерот за избор на членови на ДКСК.

Точка на ранливост 2: Можност Владата директно да влијае на изборот на кандидатите на овој во суштина независен орган и непрецизирање на целата постапка за избор на членовите и Претседателот. Постои мешање на извршна и законодавна власт.

Препорака: Како претходно наведената

Точка на ранливост 3: Непрецизирање на постапката за разрешување на член на комисијата во случај да се утврди дека несовесно и нестручно ја врши функцијата, врши злоупотреба на службената положба или работи спротивно на закон и друг пропис.

Препорака: Да се воспостави транспарентна постапка за разрешување на членови на регулаторната комисија во Собранието на Република Северна Македонија по примерот на ДКСК (член 14 од Законот)

Точка на ранливост 4: Неизбирање на овластен инспектор за домување на локално ниво.

Препорака: После истражувањето

Точка на ранливост 5: Неусогласеност помеѓу Закон за инспекциски надзор и Закон за домување околу условите за избор на инспектор

Препорака: Потребно е да се изврши усогласување на овие два закона.

ЗАКОН ЗА КУЛТУРА

Точка на ранливост 1: Непрецизна постапката за избор на директор на национална установа и можност за дискрециono одлучување за плата на директор на национална установа

Препорака: Прецизно да се утврди постапката за избор како и за определување на плата на директор на јавна установа

Точка на ранливост 2: Неусогласеност во услови за избор на инспектор (наведени во член 82 од ЗК) со новиот ЗИН и непрецизирање кој го врши инспекцискиот надзор на локално ниво.

Препорака: Да се усогласат Законот за култура и Законот за инспекциски надзор и да се прецизира кој го врши инспекцискиот надзор на локално ниво.

ЗАКОН ЗА ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

Точка на ранливост 1: Можност за дискреционо одлучување на директорот за определување на службено лице кое ќе го заменува во негово отсуство

Препорака: Воведување обврска за Директорот да определи овластено лица кое ќе да го заменува. Во секое јавно претпријатие директорот да овласти лице кое ќе го заменува во негово отсуство.

ЗАКОН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА И СУДИР НА ИНТЕРЕСИ

Точка на ранливост 1: Недоволно прецизно дефинирање на поимот на јавна функција, именувано лице, избрано лице, функционер, раководно лице, раководен орган, овластено лице, одговорно лице, што го отежнува постапувањето при примена на механизми за контрола. Односно, непотребно повикување на примена на одредбите од Кривилниот законик во однос на поимникот

Препорака: Во Законот за спречување на корупција или Законот за вработените во јавниот сектор да се изврши прецизно дефинирање на овие поими и за кого се однесуваат, да се прецизира судирот на интереси особено во делот кој се однсува на вршење на две или повеќе јавни фунции, од кој орган лицето зема плата, од кој функционален надоместок, таксативно наведување на лицата кои треба да достават анкетен лист до Комисијата за спречување на корупција.

ЗАКОН ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

Точка на ранливост 1: Неусогласеност на посебните прописи со дредбите од ЗИН

Препорака: Од ноември да се направи мониторинг или надзор над сите прописи дали е извршено усогласување со Законот за инспекциски надзор од мај 2019 година, кој ќе започне да се применува од ноември 2019 година.

Точка на ранливост 2: Непрезизирање на постапката за избор на претседател и членови на Советот.

Препорака: Во ЗИН да се прецизира постапката за избор на Претседател и членови на Совет.

ЗАКОН ЗА ВОЗДУХОПЛОВСТВО

Точка на ранливост 1: Непрецизирање на постапката за избор на директор на Агенцијата за цивилно возухопловство и постапката за негово разрешување

Препорака: Да се прецзира кој ја покренува иницијативата и начинот на остварување на правна заштита, односно детална уредување на постапката за избор и разрешување на Директорот на Агенцијата.

Точка на ранливост 2: Неусогласенот на одредбите за инспекциски надзор со ЗИН

Препорака: Да се изврши усогласување на ЗИН со Законот за воздухопловство.

ЗАКОН ЗА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Точка на ранливост 1: Неусогласенот помеѓу ЗВ и ЗЛС во однос на надлежноста за спроведување на контрола над општите акти на единиците на локалната самоуправа

Препорака: Да се изврши усогласување помеѓу Законот за влада, Законот за организација и работа на органите на државната управа доведува до судир на надлежности и Законот за локалната самоуправа во одредбите кои се однесуваат на контрола и надзор над општите акти на единиците на локалната самоуправа

Точка на ранливост 2: Неусогласеност помеѓу Законот за Влада и ЗАС во однос на статусот на државните секретари

Препорака: Да се измени Законот за Влада и да се изврши усогласување во Законот за Влада со Законот за административни службеници во однос на статусот на државните секретари, конкрретно потребно е да се надмине неусогласеноста со член 43 став 6 од ЗАС во кој е предвидено дека државните секретари ги назначува министерот, а во ЗВ дека ги именува Владата.

Точка на ранливост 3: Неусогласенот на Закон за Влада со Законот за организација и работа на органите на државната управа во однос на постоењето на Секретаријат за спроведување на Рамковниот договор.

Препорака: Да се изврши усогласување на Законот за Влада со Законот за организација и работа на органите на државната управа

ЗАКОН ЗА ОСНОВАЊЕ НА ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ВО УПРАВНА ПОСТАПКА И ПОСТАПКА ОД РАБОТЕН ОДНОС ВО ВТОР СТЕПЕН

Точка на ранливост 1: Непрецизност во одредбата со која се дава можност Владата да даде предлог за разршешување на Претседатели и членови на Комисијата и дали на овој начин не е нарушен еквилибрумот помеѓу извршната и законодавната власт

Препорака: Или да се укине ваквата можност или таксативно да се наведат причините поради кои Владата може да покрене иницијатива за разрешување на претседателот и членовите на самостојните комисии.

ЗАКОН ЗА УПРАВНАТА ИНСПЕКЦИЈА

Точка на ранливост 1: Недоволна транспарентност во постапката за обелоденување на утврдените недостатоци или неправилности во примената од Законот за вработените во јавниот сектор и Законот за административни службеници

Препорака: Државниот управен инспекторат да ги објавува податоците за утврдени недоследности или незаконитости во постапките за вработување во јавниот сектор, како и мерките кои ги превзел. На овој начин и вработените и заинтересираните граѓани ќе можат да ја следат динамиката и најчесто утврдените повреди на законитоста.

ЗАКОН ЗА ОСНОВАЊЕ НА ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ВО ВТОР СТЕПЕН ВО ОБЛАСТА НА ИНСПЕКЦИСКИОТ НАДЗОР И ПРЕКРШОЧНАТА ПОСТАПКА

Точка на ранливост 1: Непостоење на прична за разрешување на член на Комисијата поради загубена деловна способност за вршење на функција и/или поради повреда на прописите или злоупотреба на функцијата и/или неефикасно извршување на надлежностите и доколку му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност

Препорака: Во Закон за основање на државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка членот 4 да се дополни и да се предвиди дека Претседателот и членовите на Комисијата можат да бидат разрешени и поради загубена деловна способност за вршење на функција и/или поради повреда на прописите или злоупотреба на функцијата и/или неефикасно извршување на надлежностите и доколку му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Точка на ранливост 2: Неусогласеност со Закон за основање на Државна комисија за одлучување во втор степен во управна постапка и права од работен однос во однос на кредити од образование кои треба да ги имаат членовите на Комисијата и Претседателот на комисијата како услови за избор

Препорака: Да се усогласт овие два закона и да се предвиди услов дека членовите и Претседателот треба да имаа 240 кредити

Точка на ранливост 3: Можност од влијание на субјективни или политички фактори за разрешување на членови на Комиисијата по предлог на Владата доколку таксативно не се наведат причините поради кои може да се поднесе таков предлог и влијание врз начелото на поделба на власта

Препорака: Или да се укине одредбата со која се предвидува можност за Владата да бара разрешување на претседателот и членовите на оваа Комисија или да се дополни со прецизирање на условите, односно во кои ситуации Владата може да покрене предлог за разрешуавње.

АНАЛИЗА НА ДОКУМЕНТИЗАКОН ЗА ЕЛЕКТРОНСКИТЕ КОМУНИКАЦИИ (РЕДАКЦИСКИ ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ)

Точка на ранливост 1: Превисок месечен надоместок за членовите на Комисијата за електронски комуникации

Препорака: Во Законот за електронски комуникации да се намали износот на надоместокот за членовите на комисијата, по однапред утврдени критериуми врз основа на кои се оценува оптовареноста на овие лица.
Да се донесе посебен закон за плати во јавниот сектор со кој ќе се ограничи огромната дискрепанца во платите на административните лужбеници во органите на државна управа и локалната самоуправа, со платата на административните службеници во самостојните државни органи или регулаторни тела.

- **Правилник за систематизација на работните места на Агенцијата за електронски комуникации**

Точка на ранливост 1: За дел од работните места за кандидатите се бара несоодветен вид на образование, што може да се одрази на некомпетентност, нестручност и неквалификуван кадар
Тоа доведува до несоодветна примена на Фраскатиева класификација при изготвување на подзаконските акти, односно Актот за систематизација на работните места (Класификација на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според меѓународна фраскатиева класификација)

Препорака: МИОА да изврши надзор над законитоста на Правилниците за систематизација на работни места со цел да ги отстрани ваквите недоследноси или да се објаснат причините за давање на позитивно мислење на подзаконските акти.

ЗАКОН ЗА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА (РЕДАКЦИСКИ ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ)

Точка на ранливост 1: Невоедначен или неунифицирани критериуми на основа на кои се укажува на реалната потреба за нови вработувања во здравствените установи, односно непостоење на услов за установите да ја образложат потребата од нови вработувања. Тоа може да се одрази на превработеност во одредени здравствени установи, а во други да има недостаток.

Препорака: Потребата за нови вработувања Директорот треба да ја заснова на основа на подзаконските акти за внатрешна организација и систематизација на работни места или на основа на Годишниот план за вработувања.

Точка на ранливост 2: Неусогласеност помеѓу Законот за здравствена заштита и ЗВЈС, кај можност за засновање на работен однос на определено време

Препорака: Одредбата од ЗЗЗ да се усогласи со ЗВЈС и да се предвиди дека засоновање на работен однос на определено време може да биде максимум една година

Точка на ранливост 3: Во Законот за здравствена заштита не е извршено прецизирање на составот на Комисија за селекција на кандидати

Препорака: Во ЗЗЗ да се изврши прецизирање на составот на комисиите за селекција на кандидати

ЗАКОН ЗА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА (КОНСОЛИДИРАН ТЕКСТ)

Точка на ранливост 1: Субјективни фактори на влијание врз потребата од нови вработувања

Препорака: Да се прецизира како Директорот ја утврдува реалната потреба за нови вработувања. Односно, да се укине ваквата можност за Директорот, а вработувањата да се вршат врз основа на Годишен план за вработувања кој се доставува до МИОА, а кој е законска обврска согласно ЗВЈС

Точка на ранливост 2: Неусогласеност помеѓу ЗАС и Законот за социјална заштита во однос на соодносот помеѓу оценувањето на оценувачот и другите оценувачи

Препорака: Да се изврши усогласување на Законот за социјална заштита со ЗАС во однос на процентуалната застапеност во однос на оценувач и други оценувачи.

Да се наведати критериуми за успешност на основа на кои ја засноваат оценката оценувачот и другите оценувачи, за да може да се намали субјективниот фактор на влијание на непосредно претпоставениот.

ЗАКОН ЗА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Точка на ранливост 1: Можност за трансформација на работен однос од неопределено на определно време

Заклучок: Можеме да констатираме дека во повеќето од анализираните прописи се предвидува можност за трансформација на работн однос од определено на неопределено време. Како што напоменавме и погоре во анализата сметаме дека на овој начин се влијае на редовната постапка за вработување.

- **Закон за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта**

Точка на ранливост 1: Непрецизно уредена постапка за вработување и не наведување на видовите на вработувања како што се јавен оглас, мобилност. Нејасно е зошто се заснова работен однос замо на определено време

Препорака: Да се изврши дополнување во Закон за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта со доуредување на постапката за вработување, да се наведе постапката за сите висови вработувања и да се наведат причините поради кои не се заснова работен однос на неопределено работно време

ЛИСТА НА ОБРАБОТЕНИ ЗАКОНИ

- Законот за вработените во јавниот сектор
- Законот за административните службеници
- Уредба за спроведување на постапката за вработување на административни службеници
- Правилник за задолжителните елементи на јавниот оглас за пополнување на работно место во јавниот сектор преку вработување и на пријавата за вработување, како и формата, содржината и начинот на водење на регистарот на лица кои дале лажни податоци при вработување во јавен сектор
- Закон за општата управна постапка
- Годишен извештај од Регистерот на вработените во јавниот сектор за 2018 година
- Закон за работни односи (ЗРО)
- Закон за домување
- Закон за култура
- Закон за јавни претпријатија
- Закон за спречување на корупција и судир на интереси
- Закон за инспекциски надзор
- Закон за воздухопловство
- Закон за Владата на Република Северна Македонија
- Закон за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен
- Закон за управната инспекција
- Закон за основање на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка
- Закон за електронските комуникации (Редакциски пречистен текст)
- Правилник за систематизација на работните места на Агенцијата за електронски комуникации
- Закон за здравствената заштита (Редакциски пречистен текст)
- Закон за социјалната заштита (консолидиран текст)
- Закон за основното образование
- Закон за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта

СЛЕДНИ ЧЕКОРИ

- Анализа на подзаконски акти:
- Акти за систематизација на работни места
- Акти за внатрешна организација
- Колективни договори
- Годишни планови за вработување
- Извештај за реализација на годишен план за вработување
- Анализа на случаи на постапки за вработување
- Институции предмет на анализа: органи на државна управа, локална самоуправа, самостојни државни органи, јавни установи

ВКЛУЧУВАЊЕ НА АНАЛИЗАТА

- Подготвената анализа на дел од правната регулатива која се однесува на вработените во јавниот сектор беше презентирана на две средби организирани од страна на Државната комисија за спречување на корупција како дел од процесот на подготовка на Национална стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2020 -2024.

ВИ БЛАГОДАРАМ ЗА ВНИМАНИЕТО!

- Сесија за прашања